Бр. 12-1017/1
12.02 год. 2020

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став 1 и став 7 и член 23 став 1 и став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019, постапувајќи по пријава од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата на 26 -та седница одржана на ден 07 Февруари 2020 година донесе

**Одлука**

Постапката покрената по пријава бр. 12-2516/1 од 22.04.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од непознат подносител со која се изразени сомневања и се посочува на коруптивни дествија преку незаконско влијание во постапка за вработување на свое блиско лице од страна административен службеник, во звање ----------------- во Министерството ---------------------- СЕ ЗАПИРА поради непотврденост и неоснованост на сомневањата во конкретниот случај.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема основ за нејзино понатамошно надлежно постапување во предметот со број 12-2516 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12-2516/1 од од 22.04.2019 година.

Предметот со број 12-2516 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Да се затвори и да се архивира и предметот бр. 12-5364 од 2019 година кој е споен со предметот со број 12-2516 од 2019 година.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-2516 од 2019 година е оформен врз основа на пријава бр. 12-2516/1 од 22.04.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од непознат подносител.

Со пријавата се изразени сомневања и се посочува на коруптивни дествија сторени преку незаконско влијание во постапка за вработување на свое блиско лице од страна административен службеник, во звање ----------------- во Министерството ----------------------------.

Според наводите на пријавителот посоченото службено лице, врз основа на својата позиција, вклучително со членувањето во орган на управување/надзор во ---------------------------------------, односно член на орган на управување/надзор во друштво ---------------- врз кое ----------------------- издејствувало вработување на свое блиско лице во Акционерското друштво -------------------------.

При постапувањето по предметниот пријавен случај Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) ги зема во предвид наводите на подносителот, како е погоре наведено, а напоредно со тоа изврши и соодветни проверки по однос на нивната веродостојност и основаност. Имено, за утврдување на целосната фактичка состојба во предметниот пријавен случај Државната

Бр. ________

________ год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

комисија презема процесни дејствија - достава на барања заради прибавување на податоци и информации од Министерството -------------, од ------------------------ и од Акционерското друштво --------------------------.

Врз основа на податоците и информациите содржани во прибавените списи – одговори на барања за податоци и информации од посочените органи, односно и од наведеното акционерско друштво Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека наводите од пријавата на подносителот не се потврдуваат и дека се истите неосновани од аспект на злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг од страна на посоченото службено лице - -------------------------------- во Министерството --------------------------------.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Одлучено на ден 07 Февруари 2020 година под бр. 12-** 1017/1

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Доставено до :
- Архива


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk